ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1823
06.07 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 6, став 1, алинеја 1 од Законот за вршење на сметководствени работи, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на одржана седница на ден 06.07.2016 година во Скопје ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за воспоставување на Регистар на сметководители, Регистар на овластени сметководители, Регистар на трговци поединци-сметководители, Регистар на трговци – поединци и овластени сметководители и Регистар на друштва за вршење сметководствени работи на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија

### Член 1

Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на седницата одржана на 06.07.2016 година согласно член 6 од Законот за вршење на сметководствени работи донесе одлука за воспоставување на Регистар на сметководители, Регистар на овластени сметководители, Регистар на трговци поединци-сметководители, Регистар на трговци – поединци и овластени сметководители и Регистар на друштва за вршење сметководствени работи на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

### Член 2

Регистрите од член 1 од оваа одлука ќе ги води стручната служба на Институтот на сметководители.

### Член 3

Регистарот на сметководители и Регистарот на овластени сметководители, особено ги содржи следниве податоци:

1) име и презиме и регистарски број на сметководителот односно овластениот сметководител,
2) датум на упис во регистарот,
3) назив, седиште и контакт податоци на правниот субјект каде е вработен сметководителот односно овластениот сметководител и
4) изречени дисциплински мерки.

### Член 4

Регистарот на трговци поединци - сметководители, Регистарот на трговци поединци - овластени сметководители и Регистарот на друштва за вршење сметководствени работи, особено ги содржи следниве податоци:

1) назив, седиште, контакт податоци и регистарски број на трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи,
2) датум на упис во регистарот и
3) изречени дисциплински мерки.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Ленче Папазовска

Тихомир Мурџески

Орхан Рамадани

Тони Димитровски

Јован Златевски